У-5.бр.1938/2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ
SHKUP GJYKATA ADMINISTRATIVE REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Димитрула Апостоловска - претседател на советот, Ана Герасимовска и Валентина Конеска - членови на советот, со записничар Марко Таневски - судски соработник, одлучувајќи по барањето за донесување на времена мерка во постапката по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз Скопје, поднесена против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, на седницата на советот одржана на 11.12.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

Барањето на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз, Управниот суд да донесе решение за времена мерка со која ќе се одложи од извршување Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции и Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, до донесување на одлука од страна на суд, како и одлагање на извршување на Договор за градење бр.10-1470/1 од 14.10.2019 година, се до завршување на постапката по тужба пред управен суд, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот, до Управниот суд на 13.11.2019 година, поднесе тужба за поведување на управен спор, заведена под број У-5.бр.1837/2019, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, со кое е одбиена како неоснована жалбата на жалителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.05/2019 за набавка на работи - изградба на градежно - занатски работи во КПД Идризово, Општина Гази Баба, Скопје на договорниот орган Министерство за правда - Управа за извршување на санкции.

Со дополнителен поднесок за дополнување на тужба од 03.12.2019 година тужителот истакна посебно барање за донесување на времена мерка заведено под број У-5.бр.1938/2019, во кое наведува дека по донесување на оспореното решение, Управата за извршување на санкции ја извршува одлуката за избор на најповолна понуда и на ден 14.10.2019 година склучува договор за јавна набавка на работи-изградба на градежно - занатски работи во КПД Идризово, Општина Гази Баба, со Трговско друштво за производство, трговија и услуги ИНСТАЛАЦИЈА увоз-извоз Исмаил ДООЕЛ с. Д.Дол Зајас. Смета дека повредата на јавниот интерес е очигледна, бидејќи со ваква одлука договорниот орган избрал понуда која може не е најповолна, односно најевтина што е спротивно на член 2 став 1, алинеја 4 од

Законот за јавните набавки. Наведува дека се работи за јавна набавка од поголема вредност и со елиминацијата на тужителот односно со губењето на предметот на работа се предизвикува штетни последици по работењето, поради што е принуден да го намали бројот на вработени што ќе има последици по повеќе семејства.. Смета дека од една страна донесувањето на времената мерка е можност да не дозволи масовно отпуштање на вработените, а од друга страна тоа спротивната страна нема да трпи штета, а со тоа ќе се придонесе во насока на владеење на правото и заштита на јавниот интерес.

Судот, разгледувајќи ја тужбата со барањето за донесување на времена мерка и приложените докази, најде дека барање за донесување на времена мерка е неосновано, поради следното:

Согласно член 14 став 1 од Законот за управните спорови, („Службен весник на Република Македонија" бр.62/2006 и 150/2010), тужбата по правило не го спречува извршувањето на управниот акт против кој е поднесена.

Според став 2 од истиот член, по барање на тужителот кога извршувањето на управниот акт би му нанело штета која тешко би можела да се поправи, а одлагањето на извршувањето не му е спротивно на јавниот интерес, ниту со одлагањето би и се нанела поголема ненадоместлива штета на спротивната странка, органот чиј акт се извршува може да го одложи извршувањето.

Согласно член 15 став 1 од истиот закон, ако надлежниот орган што го донел управниот акт од член 14 на овој закон, пристапи кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот, тужителот може да бара судот да донесе времена мерка за одлагање на извршувањето на управниот акт.

Во смисла на цитираните одредби, одложувањето на извршувањето на управниот акт против кој е поведен управниот спор може да се допушти само на барање на тужителот. За да се одлучи по барањето и истото да се уважи треба да се исполнат следните претпоставки: да е пристапено кон извршувањето на актот до донесувањето на одлуката на судот; тужителот во рок повел управен спор против управниот акт; да постои уверување дека со извршувањето на управниот акт што се оспорува во управен спор на тужителот ќе му се нанесе штета која тешко би се поправила; одложувањето на управниот акт да не е спротивно на јавниот интерес ниту со одложувањето на извршувањето би се нанела ненадоместлива штета на спротивната страна, ако постои. Сите овие претпоставки мораат кумулативно да бидат исполнети, за да може да се постапи и да биде усвоено барањето на тужителот за одложување на извршувањето на управниот акт до завршувањето на управниот спор.

Имено, во конкретниот случај Државната комисија за жалби по јавни набавки, донела решение Бр.08-671/7 од 09.10.2019 година со кое е одбиена како неоснована жалбата на жалителот Друштво за производство, трговија и услуги ЕНЕРГОИНВЕСТ ТРЕЈД Глигор и др. ДОО увоз-извоз, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.05/2019 за набавка на работи - изградба на градежно - занатски работи во КПД Идризово, Општина Гази Баба, Скопје на договорниот орган Министерство за правда - Управа за извршување на санкции.

Во конкретниот случај, тужителот бара донесување на времена мерка за времено уредување на правниот однос, со која ќе се одложи од извршување Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-421/20 од 04.03.2019 година на Министерството за правда - Управа за извршување на санкции и Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки Бр.08-671/7 од 09.10.2019 година, до донесување на одлука од страна на суд , како и одлагање на извршување на Договор за градење бр.10-1470/1 од 14.10.2019 година, се до завршување на постапката по тужба пред управен суд,

При тоа, приложениот доказ од страна на тужителот за бројот на вработени Судот наоѓа дека не претставува доказ од кој би произлегло дека истиот би трпел ненадоместлива или тешко надоместлива штета како и не стори веројатно дека донесувањето на времената мерка во конкретниот случај, не би било спротивно на јавниот интерес, поради што Судот смета дека не се исполнети кумулативните претпоставки за уважување на барањето.

При ваква состојба, Судот најде дека не се исполнети законските претпоставки од член 15 став 1 од Законот за управните спорови, па одлучи како во изреката на ова решение.

Решено во Управен суд на 11.12.2019 година под У-5.бр.1938/2019.

Записничар - судски соработник
Марко Таневски

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение дозволена е жалба во рок од 3 дена од приемот на истото, преку овој суд до Вишиот управен суд.

Решението да се достави на:
- тужителот
- тужениот орган

Претседател на совет - Судија
Димитрула Апостоловска

АГК/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН СУД
СКОПЈЕ

Согласноста на преписот
со изворникот го потврдува
Судски службеник